РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-3057/2
21-10-2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на ДКСК, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението од 39–тата седница одржано на 19.10.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

СЕ ОТФРЛА анонимната пријава заведена под бр.09-3057/1 од 03.09.2020 година поднесена за поведување постапка за утврдување постоење на судир на интереси.

Нема елементи за покренување постапка за утврдување постоење на судир на интереси кај службеното лицето ______________ поранешен вршител на должност медицински директор на ЈЗУ Универзитетска клиника ________________, поради промената на фактичка состојба.

Предметот под бр.09-3057/1 од 03.09.2020 година да се архивира.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена анонимна пријава заведена под бр.09-3057/1 од 03.09.2020 година, во која се изразува сомневање за постоење на судир на интереси кај лицето ____________, затоа што истовремено вршел работи и работни задачи на работното место раководител _____________, а бил и именуван за вршител на должноста медицински директор на ЈЗУ Универзитетска клиника _______________.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и утврдување на фактичка состојба во предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во меѓувреме посоченото лице со Одлука на Собранието на Република С. Македонија под бр.__________, објавена во „Службен весник на Република С. Македонија" _______ е именувано за ___________________________.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ОДЛУЧЕНО ОД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Под бр.09-3057 од 2020

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил
Одобрил В.Г. член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk